СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

**Извештај за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Зелениково**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 19-323/1 од 14.01.2020 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 19-323/2 од 14.01.2020 година, изврши надзор на спроведувањето на законите од областа на животната средина на општина Зелениково.
Согласно постоечката состојба со вирусот КОВИД 19 и неможноста да се изврши надзор во општините на лице место, надзорот е извршен врз основа на пополнување на Прашалник подготвен од МЖСПП односно врз основа на добиен пополнет прашалник од страна на општина Зелениково.
Прашалникот е одобрен од градоначалникот на општината Борче Гиевски.

Надлежноста во врска со донесување на ЛЕАП не е спроведена односно општина Зелениково нема донесено ЛЕАП и тело за следење на имплементацијата не е формирано.

Во врска со активностите кои се однесуваат на издавање на Б интегрирани еколошки дозволи наведуваат дека се спроведуваат од страна на општина Зелениково и дека е вклучено лицето Дејан Димитровски- Советник за ЛЕР, но истото нема овластување за водење на овие постапки ниту пак соодветно работно место.
Постапката за одобрување на елаборати за животната средина наведуваат дека се одвива без при тоа да се наведе дали се води регистар на одобрени елаборати и колку се одобрени и колку се во постапка. Одговорно лице има, а тоа е истото лице кое е одговорно за постапките за Б интегрирани еколошки дозволи, кое е советник за ЛЕР.
Општина Зелениково води катастар за животна средина без да се наведат поединечни карактеристики.

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

Должноста општински инспектор ја извршува Е.К Бочварова- Овластен инспектор за животна средина.

Општината Зелениково нема воспоставено меѓуопштинска соработка.

Општината Зелениково нема донесено план за управување со отпад. Програмата за управување со отпад не е донесена. Општината нема одредено локација за претоварна станица. Подготвен консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности во делот управување со отпад нема и не се доставува до МЖСПП. Нема пропишано посебни правила за постапување со отпад содржани во програмата за управување со отпад. На територијата на општината функционира ЈКП "Зелениково" кој врши собирање и транспорт на отпад. Има одредено места за третман и отстранување на инертен отпад. Општина Зелениково нема определено локација за неопасен и комунален отпад. Општината нема информативен систем на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со отпадот. Други активности во врска со управувањето со отпадот не се превземени.

Општина Зелениково има прибавено дозвола за испуштање на отпадни води или за испуштање или фрлање на материи и супстанци во реципиентите согласно член 79 од Закон за води. Општина Зелениково превзема потребни мерки за заштита и одбрана од поплави. Општината на територијата под своја надлежност ги определила границите на ерозивното подрачје. Општината има одредено ЈКП Зелениково за вршење на водоснабдување со вода за пиење.

Во однос на заштита од бучавата согласно Законот за заштита од бучава во животната средина, Општината Зелениково нема преземено соодветни активности освен што при издавање на одобренија за градба утврдуваат дали планските документи за објектот кој е предмет за одобрение при градба ги исполнуваат посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги дава следните препораки:**

-Комисијата констатира дека надлежностите од областа на животната средина минимално или воопшто не се спроведуваат односно многу малку од она што е предвидено со законите од областа на животната средина и доби претстава дека во општината воопшто нема работни места поврзани со животната средина Комисијата дава препорака во општината итно да се предвидат и пополнат работни


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

места поврзани со заштита на животната средина. Да се оформи посебно одделение за животна средина и да опфаќа работни места чиј опис и попис на работни места би ги опфаќале сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат од законотите од областа на животна средина.

- Општината веднаш да започне со спроведување на надлежностите од областа на сите теми кои се опфатени со прашалникот

-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на управување со отпадот, со цел зајакнување на капацитетите во оваа општина.

Скопје, 19.10.2019 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk